**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонска берза АД Скопје за 2006 година**

**Скопје, Февруари 2007 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје во 2006 година, ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеле на работењето на Берзата во 2006 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, преземените активности за промоција на Берзата и едукација на пошироката јавност, нормативните активности, меѓународна соработка, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2006 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2006 година работењето на Берзата го детерминираа повеќе фактори, кои воглавно имаа позитивно влијание врз функционирањето на организираниот секундарен пазар на хартии од вредност во Република Македонија. Притоа, се оценува дека особено треба да се апострофира влијанието на следните главни фактори и околности кои го креираа деловното окружување за работа на Берзата во 2006 година:

- Значајно зголемена транспарентност во финансиското работење на котираните компании на Берзата (особено поради воведувањето на обврската за доставување на квартални тримесечни неревидирани биланси на успех од страна на котираните компании, како последица на промената на Правилникот за котација кон крајот на 2004 г.), како и значително зголемен обем на објавување на други ценовно чувствителни информации;
- Нагласен прилив на странски портфолио инвеститори (воглавно од регионот), што предизвика зголемување на локалната побарувачка и прилагодување на другите пазарни учесници на таа ситуација;
- Перманентни прогнози/најави за стратешки превземања на дел од котираните компании;
- Официјалниот почеток со работа на приватните пензиски фондови како резултат на реформата во пензискиот систем и позиционирањето и очекувањата на домашните и странските инвеститори во врска со функционирањето на приватните пензиски фондови како нови институционални инвеститори на нашиот пазар на хартии од вредност;
- Голем број на котирани банки на Берзата во услови на нагласена раздвиженост во банкарскиот сектор;
- Нагласено консолидирање на сопственичките структури во компаниите;
- Процес на усогласување на легислативата во земката и на пазарниот амбиент во функција на отпочнатите процеси за интеграција на Република Македонија во Европската Унија произлезени од добиениот статус на земја – кандидат за членка;
- Позитивни очекувања и на домашните и на странските инвеститори;
- Промени во даночниот амбинет произлезени од даночната регулатива;
- Ниска инфлација;
- Нагласена присутност на државата на пазарот на хартии од вредност преку продавање на резидуален капитал (акции и удели), вклучувајки и активност на

државниот Фонд за ПИОМ за продажба на акции во негова сопственост во повеќе акционерски друштва;

- Стабилен девизен курс;
- Релативно поволно економско, политичко и безбедносно окружување;
- Функционална институционална инфраструктура.

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### *3.1. Основни карактеристики*

Основни карактеристики на тргувањето во 2006 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2006 година изнесуваше 31.017.933.488 денари (околу 506 милиони евра), што е за 248,92 % повеќе во споредба со 2005 година;
- Остварениот промет на "редовното" тргување во 2006 година изнесуваше 10.794.815.753 денари[1] (околу 176,1 милиони евра), што е за 61,08% повеќе во споредба со 2005 година;
- Прометот остварен со акции (Официјален и Неофицијален пазар) во 2006 година изнесуваше 8.564.838.251 денари (околу 140,4 милиони евра), што е за 85,17% повеќе во споредба со 2005 година;
- Во 2006 година е остварен промет со обврзници од 2.229.977.502 денари (околу 36,5 милиони евра), што е за 7,40% повеќе во споредба со 2005 година;
- Во 2006 година реализирани се продажби на акции и удели во сопственост на државата во 31 друштво во вкупна вредност од 6.237.256.707 денари (околу 102,2 милиони евра);
- Во 2006 година на Берзата се пријавени 204 блок трансакции во вкупна вредност од 13.970.939.088 денари (околу 229,03 милиони евра), што е за 700,96% повеќе во споредба со 2005 година. Најголемо учество во прометот со блок трансакции имаше реализираниот блок со акциите на ЕСМ АД Скопје во вредност од 10.722.774.012 што претставува 76,7% од вкупниот промет со блок трансакции;
- Во структурата на прометот доминираат блок трансакциите со 45,04% учество во вкупниот промет на Берзата во 2006 година;
- На крајот на 2006 година на котација на Официјалниот пазар имаше акции на 43 друштва;
- Пазарната капитализација на котираните акции достигна 51 милијарди денари (836 милиони евра) и бележи пораст од 53,81%, додека пазарната капитализација на обврзниците достигна 22.4 милијарди денари (336.6 милиони евра) што претставува опаѓање за 6,41% во споредба со 2005 година. Пазарната капитализација на котираните акции на крајот на 2006 година претставува 19,53% од БДП во 2005 година.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2006 и 2005 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански

[1]При пресметување на "редовното тргување" на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции (државниот сегмент) и пријавените блок трансакциите.

податоци за периодот Јануари-Декември 2006 година и Јануари-Декември 2005 година, како и структурата на прометот остварен во 2006 година.

| | Јануари-Декември 2005 | Јануари-Декември 2006 | % ПРОМЕНА |
|---|---|---|---|
| **ПРОМЕТ (денари)** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **6.701.682.415** | **10.794.815.753** | **▲61,08** |
| АКЦИИ | 4.625.430.914 | 8.564.838.251 | ▲85,17 |
| ОБВРЗНИЦИ | 2.076.251.501 | 2.229.977.502 | ▲7,40 |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)*** | ***33.341.704*** | ***42.836.570*** | **▲28,48** |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ*** | ***159*** | ***208*** | **▲30,59** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **1.744.277.253** | **13.970.939.088** | **▲700,96** |
| **ДРЖАВЕН СЕГМЕНТ** | **443.607.845** | **6.237.256.707** | **-** |
| АКЦИИ | 35.672.350 | 5.442.215.152 | - |
| УДЕЛИ | 407.935.495 | 795.041.555 | ▲94,89 |
| **ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 0 | **14.921.940** | - |
| **ВКУПНО** | **8.889.567.513** | **31.017.933.488** | **▲248,92** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **31.985** | **52.326** | **▲63,60** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **85** | **204** | **▲140,00** |
| **ДРЖАВЕН СЕГМЕНТ** | **41** | **399** | **▲873,17** |
| **ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **0** | **1** | **-** |
| **ВКУПНО** | **32.111** | **52.930** | **▲64,83** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ( денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **50.425.546.869** | **86.482.150.528** | **▲71,50** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 33.171.013.757 | 51.021.283.559 | ▲53,81 |
| ПАЗАР НА ЈАВНО ПОСЕДУВАНИ ДРУШТВА | 17.254.533.112 | 35.460.866.969 | ▲105,52 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **23.972.382.237** | **22.436.317.815** | **▼6,41** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **74.397.929.106** | **108.918.468.343** | **▲46,40** |
| **МБИ-10** | **2.292,04** | **3.702,54** | **▲61,54** |
| **ОМБ** | **-** | **99,06** | **-** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **57** | **43** | **▼24,56** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **201** | **252** | **▲25,37** |

**Структура на прометот во периодот Јануари-Декември 2006 година**

| Пазарен сегмент | Промет во денари | Промет во ЕВРА | % | Број на транс. |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **9.176.566.913** | **149.978.626** | **29,58** | **44.502** |
| **НЕОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **1.618.248.840** | **26.444.429** | **5,22** | **7.824** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **13.970.939.088** | **228.342.488** | **45,04** | **204** |
| **ДРЖАВЕН СЕГМЕНТ** | **6.237.256.707** | **101.980.731** | **20,11** | **399** |
| **ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **14.921.940** | **243.903** | **0,05** | **1** |
| **ВКУПНО** | **31.017.933.488** | **506.990.177** | **100,00** | **52.930** |




## *3.2. Анализа на остварениот промет во редовното тргување по месеци*

Во текот на 2006 година на Берзата е остварен промет на "редовното" тргување од 10.794.815.753 денари (околу 176,9 милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "редовното" тргување на Берзата во 2006 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2006 година.

**Промет од "редовното" тргување по месеци во 2006 година**



| Месец | Официјален пазар | | Неофицијален пазар | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на транс. | Бр. на ден. на тргув. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| Јануари | 411.258.903 | 159.213.910 | 137.287.532 | 707.760.345 | 11.541.494 | 2.410 | 20 |
| Февруари | 251.368.378 | 161.513.037 | 56.491.540 | 469.372.955 | 8.012.568 | 2.771 | 20 |
| Март | 385.848.394 | 393.616.186 | 67.220.882 | 846.685.463 | 13.886.759 | 3.510 | 23 |
| **Вкуп. I квартал** | **1.048.475.675** | **714.343.133** | **260.999.954** | **2.023.818.763** | **33.440.821** | **8.691** | **63** |
| Април | 273.152.588 | 258.769.913 | 88.017.334 | 619.939.835 | 10.135.785 | 2.954 | 19 |
| Мај | 442.090.106 | 155.222.669 | 90.438.874 | 687.751.649 | 22.415.190 | 3.027 | 21 |
| Јуни | 586.077.683 | 375.835.778 | 234.408.466 | 1.196.321.927 | 109.966.428 | 3.875 | 22 |
| **Вкуп. II квартал** | **1.301.320.377** | **789.828.360** | **324.847.340** | **2.504.013.411** | **142.517.403** | **9.856** | **62** |
| Јули | 439.089.294 | 109.446.313 | 125.177.377 | 673.712.985 | 11.014.498 | 3.224 | 21 |
| Август | 1.025.366.341 | 143.391.3120 | 232.418.064 | 1.401.175.725 | 22.905.601 | 6.948 | 22 |
| Септември | 643.720.636 | 119.325.693 | 104.564.825 | 867.611.153 | 14.183.114 | 5.939 | 20 |
| **Вкуп. III квартал** | **2.108.176.271** | **1.662.685.126** | **462.160.266** | **2.942.499.863** | **48.103.213** | **16.111** | **63** |
| Октомври | 1.089.520.067 | 177.537.892 | 274.816.224 | 1.541.874.183 | 25.446.599 | 7.484 | 21 |
| Ноември | 819.224.466 | 116.442.538 | 134.362.275 | 1.049.812.620 | 17.159.572 | 6.552 | 22 |
| Декември | 600.089.214 | 59.662.252 | 73.045.447 | 732.796.913 | 11.980.081 | 4.032 | 21 |
| **Вкуп. IV квартал** | **2.508.833.747** | **353.642.682** | **482.223.946** | **3.324.483.716** | **54.586.252** | **18.068** | **64** |
| **ВКУПНО** | **6.966.806.070** | **3.520.499.301** | **1.618.248.840** | **10.794.815.753** | **278.647.689** | **52.726** | **252** |

## *3.3. Структура на редовниот промет по пазарни сегменти*

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2006 година (9.176 милиони денари) е остварен преку 44.502 трансакции и учествува во вкупниот берзански промет со 85,01%. Од тоа, 6.946 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (75,7%) при што се склучени 35.476 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 2.229 милиони денари (24,3%) и истиот е остварен преку 9.026 трансакции.

Остварениот промет на Неофицијалниот пазар на Берзата (1.618 милиони денари) учествува во вкупниот промет во 2006 година со 14,99% и 7.824 трансакции. Од тоа, 953,2 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на пазарот на јавно поседувани друштва (58,91%) и овој промет е остварен преку 7.124 трансакции, додека на слободниот пазар се остварени 664,9 милиони денари (41,09%) преку 700 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2006 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА РЕДОВНИОТ ПРОМЕТ ВО 2006 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРО) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **6.946.589.411** | **113.535.530** | ***75,70*** | **35.476** |
| обични | 6.904.908.152 | 112.854.499 | 99,40 | 35.005 |
| приоритетни | 41.681.259 | 681.031 | 0,60 | 471 |
| ***ОБВРЗНИЦИ*** | **2.229.977.502** | **36.443.096** | ***24,30*** | **9.026** |
| РМ01 | 358.279.629 | 5.855.454 | 16,07 | 2.716 |
| РМДЕН01 | 3.483.180 | 56.902 | 0,16 | 17 |
| РМДЕН02 | 124.562.185 | 2.034.685 | 5,59 | 236 |
| РМДЕН03 | 237.047.537 | 3.872.887 | 10,63 | 515 |
| РМДЕН04 | 564.893.100 | 9.229.293 | 25,33 | 1.703 |
| РМДЕН05 | 906.837.911 | 14.824.041 | 40,67 | 3.835 |
| РМОБВ01 | 34.873.960 | 569.834 | 1,56 | 4 |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **9.176.566.913** | **149.978.626** | **85,01** | **44.502** |
| **НЕОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **1.618.248.840** | **26.444.429** | ***100,00*** | **7.824** |
| ***пазар на јавно поседувани друштва*** | **953.251.200** | **15.580.255** | **58,91** | **7.124** |
| обични | 729.647.647 | 11.925.266 | 76,54 | 5.945 |
| приоритетни | 223.603.553 | 3.654.989 | 23,46 | 1.179 |
| ***слободен пазар*** | **664.997.640** | **10.864.174** | ***41,09*** | **700** |
| обични | 664.997.640 | 10.864.174 | 100,00 | 700 |
| **ВКУПНО НЕОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **1.618.248.840** | **26.444.429** | **14,99** | **7.824** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **10.794.815.753** | **176.423.055** | **100,00** | **52.326** |







## *3.4. Блок трансакции*

Во текот на 2006 година на Берзата беа пријавени 204 блок трансакции во вкупна вредност од 13.970.939.088,00 денари (околу 228,3 милиони ЕВРА), при што беа истргувани вкупно 13.516.271 акции. Најголемо учество во прометот со блок трансакции имаше продажбата на 10.467.268 акции на АД ЕСМ Скопје, во вредност од 10.722.774.012,00 денари, со која 70,10% од друштвото беше продадено на австриската фирма EVN.

Вредноста на блок трансакциите во 2006 година е за 8 пати поголема од вредноста на блок трансакциите остварена во 2005 година. Обемот на истргувани акции во 2006 година изнесува 13.516.271, што е за 6,5 пати повеќе во споредба со 2005 година кога беа

реализирани вкупно 2.071.677 акции. Бројот на пријавени блок трансакции во 2006 е за 2,4 пати поголем во споредба со 2005 година кога беа пријавени вкупно 85 блокови.

На Официјалниот пазар на Берзата се реализирани 146 блок трансакции во вкупна вредност од 2,4 милијарди денари (40 милиони ЕВРА), додека на Неофицијалниот пазар се реализирани 58 блок трансакции во вкупна вредност од 11,5 милијарди денари (188 милиони ЕВРА).

Во продолжение го презентираме прегледот на пријавените блок трансакции по месеци во 2006 година.

| Месец | ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | | | НЕОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. |
| Јануари | 22.061.390 | 359.482 | 4 | 0 | 0 | 0 | 22.061.390 | 359.482 | 4 |
| Февруари | 69.177.220 | 1.130.438 | 5 | 17.924.591 | 292.926 | 3 | 87.101.811 | 1.423.363 | 8 |
| Март | 59.327.290 | 969.422 | 5 | 10.777.856.555 | 176.154.619 | 5 | 10.837.183.845 | 177.124.041 | 10 |
| Април | 26.528.310 | 433.729 | 3 | 29.311.450 | 479.247 | 4 | 55.839.760 | 912.976 | 7 |
| Мај | 58.930.724 | 963.373 | 6 | 14.777.070 | 241.595 | 2 | 73.707.794 | 1.204.968 | 8 |
| Јуни | 205.622.656 | 3.361.347 | 15 | 42.193.190 | 689.808 | 5 | 247.815.846 | 4.051.155 | 20 |
| Јули | 85.692.390 | 1.401.014 | 8 | 45.964.171 | 751.457 | 6 | 131.656.561 | 2.152.471 | 14 |
| Август | 191.095.352 | 3.123.960 | 22 | 41.363.734 | 676.229 | 5 | 232.459.086 | 3.800.188 | 27 |
| Септември | 198.265.566 | 3.240.775 | 19 | 14.933.330 | 244.078 | 2 | 213.198.896 | 3.484.853 | 21 |
| Октомври | 629.563.571 | 10.292.132 | 38 | 61.285.760 | 1.001.741 | 10 | 690.849.331 | 11.293.874 | 48 |
| Ноември | 98.388.877 | 1.608.019 | 8 | 42.807.040 | 699.636 | 6 | 141.195.917 | 2.307.655 | 14 |
| Декември | 796.905.741 | 13.022.268 | 13 | 440.963.110 | 7.205.194 | 10 | 1.237.868.851 | 20.227.462 | 23 |
| **ВКУПНО** | **2.441.559.087** | **39.905.959** | **146** | **11.529.380.001** | **188.436.530** | **58** | **13.970.939.088** | **228.342.489** | **204** |

Од вкупно 17 членки, 15 членки пријавија на Берзата блок трансакции. Нивната структура од аспект на пријавените блок трансакции може да се види од следната табела.

### Преглед на реализирани блок трансакции по членки[2]

| Членка | Број на блок трансакции | | | Промет во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | купува | продава | вкупно | купува | продава | вкупно | % |
| Комерцијална банка АД Скопје | 62 | 63 | 125 | 1.104.064.741 | 706.577.815 | 1.810.642.556 | 27,87 |
| Фершпедброкер АД Скопје | 43 | 45 | 88 | 697.151.418 | 717.053.658 | 1.414.205.076 | 21,77 |
| Инвестброкер АД Скопје | 29 | 33 | 62 | 238.788.564 | 734.540.564 | 973.329.128 | 14,98 |
| МАК Брокер АД Скопје | 16 | 16 | 32 | 282.936.924 | 282.936.924 | 565.873.849 | 8,71 |
| НЛБ Тутунскаброкер АД Скопје | 7 | 3 | 10 | 394.877.879 | 46.215.379 | 441.093.258 | 6,79 |
| Стопанска банка АД Скопје | 1 | 2 | 3 | 8.417.250 | 305.795.500 | 314.212.750 | 4,84 |
| ТТК Банка АД Скопје | 7 | 7 | 14 | 80.877.834 | 80.877.834 | 161.755.668 | 2,49 |
| Охридска банка АД Охрид | 1 | 1 | 2 | 79.560.425 | 79.560.425 | 159.120.850 | 2,45 |
| БРО-ДИЛ АД Скопје | 8 | 8 | 16 | 73.107.494 | 73.107.494 | 146.214.988 | 2,25 |

[2] Блок трансакцијата со акциите на АД ЕСМ Скопје не е прикажана во овој преглед. Согласно Одлука на Владата оваа блок трансакција не се одвиваше со посредство на брокерски куќи/дирекции за работа со хартии од вредност. Поради тоа, во овој преглед вкупниот број на блок трансакции и прометот од блок трансакциите се разликува од останатите табели.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| УНИ Банка АД Скопје | 6 | 4 | 10 | 71.979.020 | 43.070.120 | 115.049.140 | 1,77 |
| Иново Брокер АД Скопје | 4 | 2 | 6 | 73.217.855 | 26.237.031 | 99.454.886 | 1,53 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | 7 | 7 | 14 | 49.293.532 | 49.293.532 | 98.587.064 | 1,52 |
| ЕУРО Брокер АД Скопје | 5 | 7 | 12 | 30.644.950 | 59.553.850 | 90.198.800 | 1,39 |
| Поштел Брокер АД Скопје | 5 | 3 | 8 | 51.983.280 | 32.081.040 | 84.064.320 | 1,29 |
| Битола Брокер АД Битола | 2 | 2 | 4 | 11.263.910 | 11.263.910 | 22.527.820 | 0,35 |
| **ВКУПНО** | **203** | **203** | **406** | **3.248.165.076** | **3.248.165.076** | **6.496.330.153** | **100** |

## *3.5. Јавни берзански аукции*

Во текот на 2006 година на Берзата се одржаа вкупно 16 јавни берзански аукции на кои што се продаваа акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ, како и капиталот во сопственост на Република Македонија кој беше нуден за продажба преку надлежните министерства. За одбележување се јавните берзански аукции одржани во месец јуни, односно аукцијата од 02.06.2006 година и аукциската недела која се одржа од 05–09.06.2006 година кога се нудеа пакетите акции на Македонски телекомуникации АД Скопје. На 02.06.2006 година Фондот на ПИОМ понуди пакети акции од 105 друштва, а од страна на Министерството за економија беше понуден уделот во ЈЗУ Градска аптека "Скопје" Скопје. За време на аукцијата одржана на 02.06.2006 година, голем број инвеститори покажаа интерес за купување на понудените пакети акции од повеќе ликвидни котирани друштва, при што цените на акциите постигнати за време на аукцијата кај овие друштва беше на повисоко ниво во споредба со цените од тргувањето достигнати до тој момент. Воедно, дел од купувачите на аукцијата беа токму самите акционерски друштва кои ја искористија можноста за откуп на сопствени акции што им ја дава Законот за трговски друштва. Значајниот пораст на цените на одредени акции во редовното тргување, по одржаната аукција на 02.06.2006 година, веројатно беше делумно придвижуван од влијанието на овие фактори.

На одржаните јавни берзански аукции беа склучени вкупно 399 трансакции и беше остварен промет од 6.237.256.707,00 денари. При тоа:

- Преку 15 трансакции беа продадени пакетите акции на 7 банки и беше остварен промет од 691.602.050,00 денари;
- Беа продадени пакетите акции во 20 акционерски друштва од чија продажба е оставрен промет од 905.974.892,00 денари;
- Со акциите на Македонски телекомуникации АД Скопје беа склучени вкупно 361 трансакција и оставрен промет од 3.844.638.210,00 денари;
- Беа истргувани уделите во 3 друштва и реализирани 795.041.555,00 денари промет.

## *3.6. Македонски Берзански Индекс – МБИ-10 и Индекс на обврзници на Македонската берза ОМБ*

На последниот ден на тргување во 2006 година (29.12.2006), вредноста на МБИ-10 изнесуваше 3.702,54 индексни поени, што значи зголемување од 61,54% во споредба со вредноста на индексот на последниот ден на тргување во 2005 година, кога МБИ-10 изнесуваше 2.292,04 индексни поени.

Највисока вредност на МБИ-10 во 2006 година беше постигната на 20.09.2006 година (4.351,10 индексни поени), додека најниска вредност на индексот беше забележана на 04.01.2006 година (2.301,78 индексни поени).

Согласно Методологијата за пресметување на Македонски берзански индекс МБИ-10, на 15.06.2006 година и 15.12.2006 година Комисијата за берзански индекс формирана од Одборот на директори на Македонската берза, изврши редовна ревизија на МБИ-10. Со ревизијата од 15.06.2006 година обичните акции на Европа АД Скопје престанаа да бидат елемент на МБИ-10, а како нов елемент се вклучија обичните акции на ЗК Пелагонија АД Битола. Согласно критериумите за пресметување на МБИ-10, со ревизијата од 15.12.2006 година обичните акции на Македонијатурист АД Скопје и Фершпед АД Скопје престанаа да бидат елементи на МБИ-10, а како нови елементи се вклучија обичните акции на Бетон АД Скопје и Макстил АД Скопје. По извршената ревизија на 15.12.2006 година елементи на МБИ-10 се обичните акции на следните 10 котирани друштва: Алкалоид АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Гранит АД Скопје, Бетон АД Скопје, ЗК Пелагонија АД Битола, Охридска банка АД Охрид и Макстил АД Скопје.




Одборот на директори на Македонската Берза на седницата одржана на 26.06.2006 година донесе Одлука за пресметување на Индекс на обврзници на Македонската Берза АД Скопје, со назив ОМБ. ОМБ е ценовен индекс пондериран со прометот и се пресметува врз основа на Методологијата за пресметување на Индекс на обврзници на Македонската берза-ОМБ, а е составен од котираните обврзници на Македонската берза избрани согласно критериуми наведени во Методологијата. Почетниот состав на

ОМБ го сочинуваат Обврзниците за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонираните девизни влогови и петте емисии на Обврзниците за денационализација, издадени од Република Македонија. Почетната вредност на ОМБ е формирана на 30.06.2006 година и е 100 индексни поени. На последниот ден на тргување во 2006 година (29.12.2006), вредноста на ОМБ изнесуваше 99,06 индексни поени, што значи намалување од 0,91% во споредба со почетната вредност.

Највисока вредност на ОМБ во 2006 година беше постигната на 12.10.2006 година (100,47 индексни поени), додека најниска вредност на индексот беше забележана на 06.12.2006 година (97,28 индексни поени).




## *3.7. Структура на прометот по членки*

Остварениот берзански промет во 2006 година е реализиран преку активностите на 17 членки на Берзата.

Најголемо учество во вкупниот промет изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Комерцијална Банка АД Скопје со учество од 24,95%. На второ и трето место се УНИ Банка АД Скопје и НЛБ Тутунска брокер АД Скопје со учество од 12,96% и 9,88%.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2006 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со државните хартии од вредност каде е прикажана само куповната страна.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет во 2006 година**

| Членка | Класично тргување | % Клас. тргув. | Блокови | % Блок. | Држава | % Држ. | Вкупно | % на учес. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | 5.733.675.529 | 26,52 | 1.810.642.556 | 27,87 | 1.027.291.298 | 16,47 | **8.571.609.383** | **24,95** |
| УНИ Банка АД Скопје | 593.458.451 | 2,75 | 115.049.140 | 1,77 | 3.743.943.864 | 60,03 | **4.452.451.455** | **12,96** |
| НЛБ Тутунска брокер АД Скопје | 2.921.875.205 | 13,52 | 441.093.258 | 6,79 | 30.551.328 | 0,49 | **3.393.519.791** | **9,88** |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | 1.410.505.606 | 6,52 | 973.329.128 | 14,98 | 234.054.115 | 3,75 | **2.617.888.850** | **7,62** |
| Фершпед Брокер АД Скопје | 879.436.401 | 4,07 | 1.414.205.076 | 21,77 | 24.806.600 | 0,4 | **2.318.448.077** | **6,75** |
| МАК Брокер АД Скопје | 1.595.137.165 | 7,38 | 565.873.849 | 8,71 | 0 | 0 | **2.161.011.014** | **6,29** |
| ТТК Банка Скопје | 1.838.377.983 | 8,5 | 161.755.668 | 2,49 | 9.914.433 | 0,16 | **2.010.048.084** | **5,85** |
| Стопанска Банка АД Скопје | 1.320.233.913 | 6,11 | 314.212.750 | 4,84 | 136.339.410 | 2,19 | **1.770.786.073** | **5,15** |
| ЕУРОброкер АД Скопје | 420.544.496 | 1,95 | 90.198.800 | 1,39 | 795.070.750 | 12,75 | **1.305.814.046** | **3,8** |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | 1.026.978.819 | 4,75 | 99.454.886 | 1,53 | 125.845.670 | 2,02 | **1.252.279.375** | **3,65** |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Ск. | 880.965.759 | 4,07 | 98.587.064 | 1,52 | 70.427.011 | 1,13 | **1.049.979.834** | **3,06** |
| БИТОЛА БРОКЕР АД Битола | 941.600.749 | 4,36 | 22.527.820 | 0,35 | 312.000 | 0,01 | **964.440.569** | **2,81** |
| Бро-Дил АД Скопје | 720.368.043 | 3,33 | 146.214.988 | 2,25 | 1.511.640 | 0,02 | **868.094.671** | **2,53** |
| Охридска Банка АД Охрид | 403.316.837 | 1,87 | 159.120.850 | 2,45 | 30.614.358 | 0,49 | **593.052.045** | **1,73** |
| Поштел Брокер АД Скопје | 338.552.815 | 1,57 | 84.064.320 | 1,29 | 3.097.380 | 0,05 | **425.714.515** | **1,24** |
| Алта Виста брокер АД Скопје | 408.914.059 | 1,89 | 0 | 0 | 3.355.950 | 0,05 | **412.270.009** | **1,2** |
| Силекс Банка АД Скопје | 185.533.557 | 0,86 | 0 | 0 | 120.900 | 0 | **185.654.457** | **0,54** |
| **Вкупно** | **21.619.475.387** | **100** | **6.496.330.153** | **100** | **6.237.256.707** | **100** | **34.353.062.248** | **100** |

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот на 2006 година на официјалниот пазар на Берзата беа котирани акциите на 50 акционерски друштва, со пазарна капитализација од 33,2 милијарди денари, како и 7 државни обврзници со пазарна капитализација од 24 милијарди денари.

На крајот од 2006 година бројот на котирани друштва на официјалниот пазар на Берзата изнесува 43, со пазарна капитализација од 51 милијарди денари, што претставува пораст од 53,6%, при што треба да се има предвид помалиот број на котирани друштва во однос на почетокот на годината. На крајот од 2006 година бројот на котирани државни обврзници изнесува 13, со пазарна капитализација од 22,4 милијарди денари, што претставува намалување за 6,7%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети за обврзниците, како и фактот дека од новите котирани државни обврзници беше тргувано само со петтата емисија на обврзници за денационализација.

### 4.2. Нови котации

Во текот на 2006 година беа котирани следните хартии од вредност:

- 16.03.2006 година: Петта емисија на обврзници за денационализација, издадена од Република Македонија и Државни обврзници за покривање на загубата на Народната банка на Република Македонија, издадени од Република Македонија.
- 25.04.2006 година: Приоритетни акции на Скопски пазар АД Скопје настанати со конверзија на обични акции.
- 28.06.2006 година: Континуираната државна обврзница бр.1 во 2006 година, Обврзниците за санација на Стопанска банка АД Скопје и на Обврзниците за надоместување на селективни кредити на НБРМ.
- 26.07.2006 година: Акциите издадени од ТТК Банка АД Скопје, настаната со спојување на котираните друштва Тетовска банка АД Тетово и Тетекс-Кредитна Банка АД Скопје. Со котацијата на акциите издадени од ТТК Банка АД Скопје престана котацијата на акциите издадени од Тетовска банка АД Тетово и Тетекс-Кредитна Банка АД Скопје.
- 22.11.2006 година: Континуираната државна обврзница бр.2 во 2006 година издадена од Република Македонија.

### 4.3. Исклучувања од котација

Во текот на 2006 година беа исклучени од котација следните хартии од вредност:

- 28.06.2006 година: Акциите издадени од Агроплод АД Ресен и на Аутомакедонија АД Скопје (по нивно барање).
- На 26.07.2006 година: Акциите издадени од Силекс Банка АД Скопје (по нивно барање).
- 10.10.2006 година: Акциите издадени од Благој Ѓорев АД Велес и акциите издадени од Силекс АД Кратово.
- 25.12.2006 година: Акциите издадени од Жито Битола АД Битола (по нивно барање) .

### 4.4. Активности во врска со одредени котирани друштва

Во текот на 2006 година Берзата континуирано го следеше движењето на цените на одредени котирани акции и при континуираните значителни пораст или опаѓања на цените беа остварувани телефонски контакти и беа испраќани дописи до издавачите со барање да ја информираат Берзата доколку поседуваат одредени ценовно чувствителни информации кои би можеле да влијаат на порастот на цената на акциите. Македонската берза испрати дописи со вакво барање до 13 котирани друштва, при што врз основа на дописот 10 друштва објавија известувања. Во текот на 2006 година 2 котирани друштва самоиницијативно објавија известувања за непоседување на ценовно чувствителни информации при континуиран пораст на цената на нивните акции.

Во рамките на континуираните настојувања на Берзата да има проактивна комуникација со издавачите во ситуации кога определени настани можат да имаат

значајно влијание на пазараните услови во текот на Ноември 2006 година беа испратени дописи до котираните друштва Макпетрол АД Скопје и Охридска банка АД Охрид, во кои, имајќи предвид одредени тековни настани, истите беа потсетени на обврската сите ценовно чувствителни информации најпрво да бидат објавени преку СЕИ-НЕТ.

Од аспект на објавувањето на финансиски извештаи од страна на котираните друштва, состојбата во текот на 2006 година беше следна: неревидирани биланси на успех за периодот 01.01.-31.12.2005 година објавија 43 друштва од, во тој момент 50 котирани друштва; неревидирани биланси на успех за периодот 01.01.-31.03.2006 година објави 41 друштво од, во тој момент 50 котирани друштва; неревидирани биланси на успех за периодот 01.01.-30.06.2006 година објавија 39 друштва од, во тој момент 46 котирани друштва; неревидирани биланси на успех за периодот 01.01.-30.09.2006 година објавија 39 друштва од, во тој момент 43 котирани друштва. Ревидирани финансиски извештаи за 2005 година објави вкупно 41 друштво. И покрај фактот дека дел од друштвата не ги објавуваа редовно финансиските извештаи, забележлива е тенденцијата на зголемување на бројот на објавени финансиски извештаи, при намалување на бројот на котирани друштва.

На седницата на Одборот на директори на Македонската берза одржана на 21.12.2006 година беше разгледана „Информација за состојбата со исполнувањето на обврските од страна на котираните друштва". Врз основа на Информацијата Одборот заклучи до друштвата кои не ги исполнуваат редовно обврските за објавување на финансиски извештаи и имаат неисполнети финансиски обврски кон Берзата да се испрати допис во кој ќе им биде даден рок до 31.03.2007 година да ги исплатат зостанатите финансиски обврски и да започнат со редовно објавување на финансиските извештаи. Во спротивно, по истекот на првиот квартал во 2007 година Одборот на директори на Македонската берза ќе донесе одлуки за исклучување од котација на акциите на овие друштва. На 27.12.2006 година Македонската берза до друштвата кои спаѓаат во оваа категорија испрати дописи со содржина согласно заклучокот на Одборот на директори.

### 4.5. Останати активности во врска со котацијата

Согласно планираните рокови, на 15.01.2006 година стартуваше примената на софтверската апликација за доставување на податоци од котираните друштва СЕИ-НЕТ, за што беше известена јавноста и членките на Македонската берза. Во текот на 2006 година преку СЕИ-НЕТ беа објавени околу 500 известувања и финансиски извештаи од котираните друштва. Во текот на првата година од постоењето, СЕИ-НЕТ се покажа како многу функционален начин за објавување на известувањата и финансиските извештаи од котираните друштва, при што Берзата доби позитивни реакции од котираните компании, а особено од корисниците кои пристапуваа до СЕИ-НЕТ преку интернет страницата на Македонската берза.

Користејќи ги податоците од добиените ревидирани финансиски извештаи од котираните друштва за 2005 година, како и податоците од тргувањето, Македонската Берза изработи "Факти за котираните друштва 2005/2006". Фактите беа изготвени во електронска форма и на 01.08.2006 година беа објавени на интернет страницата на Македонската берза.

Имајќи ја предвид изработката на новите Правила за котација, во текот на Октомври 2006 година Берзата одржа работни средби со претставници на котираните друштва на кои беа презентирани предложените новини во Правилата за котација и беа сослушани мислењата и сугестиите од котираните друштва.

## 5. ЧЛЕНСТВО

Во текот на 2006 година бројот на овластени учесници, членки на Македонската берза АД Скопје се зголеми за една нова членка, со што вкупниот број членки на Берзата изнесува 17, од кои 6 се банки, а 11 се брокерски куќи.

Имено, во месец Февруари, Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје донесе Одлука за прием на "ИНОВО БРОКЕР" АД Скопје за стекнување статус на учесник во тргувањето на Македонската берза АД Скопје и истата започна со тргување на Македонската берза АД Скопје во текот на месец Март 2006 година. Членката Алта Виста Брокер АД Скопје, која беше примена во членство на Македонската берза АД Скопје на 26.12.2005 година, по исполнувањето на сите предвидени услови, започна со тргување на Берзата од 09.01.2006 година.

Согласно Правилата за работа на Македонската Берза АД Скопје, директорот на членот - овластен учесник, е должен сам или заедно со други лица да спроведува надзор и е одговорен за надзорот над работењето на членот, а Одборот на директори на Берзата издава одобрение на тоа лице за спроведувањето на надзорот. Во текот на 2006 година, Одборот на директори на Берзата даде три одобренија за спроведување надзор над работењето на членките.

По однос на лицата вработени како овластени брокери кај членките на Македонската берза АД Скопје кои имаат право да склучуваат трансакции во име на членот преку системот на тргување, состојбата е следна: на почетокот на 2006 година бројот на овластени брокери со доделени кориснички имиња за користење на БЕСТ системот изнесуваше 50, во текот на 2006 година 14 лица го положија стручниот испит за работа како брокер и се стекнаа со корисничко име за тргување со хартии од вредност преку системот на Берзата, на едно лице му беше укинато корисничкото име по барање на членката, за да на крајот од 2006 година бројот на овластени брокери кои тргуваа во име на членките на Берзата изнесува 61 лица. Лицата кои во текот на 2006 година се стекнаа со правото да тргуваат во име на членките како брокери ги посетуваа потребните стандардни обуки организирани од Берзата и полагаа испит за познавање на БЕСТ системот на тргување и Процедурите за тргување на Македонската Берза АД Скопје, со цел добивање дозвола за тргување со хартии од вредност на Берзата.

Во текот на 2006 година Берзата ги следеше активностите на брокерите заради усогласувањето со Законот за хартии од вредност, при што беше констатирано дека истите имааат поднесено до Комисијата за хартии од вредност барања за издавање дозвола за работење на брокер. На 61 брокери им беа издадени Решенија за давање дозвола за работење на брокер од страна на Комисијата за хартии од вредност и истите се објавени во Службен весник на Република Македонија.

Постапувајки согласно обврските од новиот Закон за хартии од вредност, во текот на годината 10 брокерски куќи и 5 банки, членки на Берзата, добија решенија за дозвола за работење од Комисијата за хартии од вредност, со што го усогласија своето работење со новиот закон.

Во текот на 2006 година настана спојување на Тетекс-Кредитна банка АД Скопје со Тетовска Банка АД Тетово во нова банка под името ТТК Банка АД Скопје, па поради оваа статусна промена, почнувајки од јули 2006 година членството на Тетекс Кредитна банка АД Скопје во Македонската берза АД Скопје продолжи под името ТТК Банка АД Скопје.

## 6. НАДЗОР ВО ТРГУВАЊЕТО

Во текот на оваа година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност. Оваа активност, пред се, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и соодветни интервенции на Берзата во извесни ситуации, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност, како и одржување на здрав пазарен амбинет и доверба на широката инвестициска јавност во субјектите на пазарот на хартии од вредност.

Во рамките на својата надзорна функција, Берзата во неколку наврати навремено интревенираше во ситуации каде што беа утврдени грешки при тргувањето од страна на членките и согласно своите овластувања и важечките акти превземаше соодветни активности и мерки.

Во рамките на јавните берзански аукции со акции понудени од страна на Фондот на ПИОМ и Министерството за Економија на 02.06.2006 година при продажбата на акциите издадени од АД"Гоце Делчев" с.Трубарево, беше утврдена грешка при внес на куповната цена од страна на членка на Берзата, а соодветно на тоа од страна на членката беше побарано поништување на склучената трансакција. Врз основа на овластувањето од Одборот на директори, Главниот Извршен директор да донесе одлука за поништување на оваа трансакцијата и истовремено беше донесена одлука за повторување на јавната берзанска аукција со акциите на „Гоце Делчев" с. Трубарево во 18:00 часот истиот ден, за што беше добиена согласност од Фондот на ПИОМ како продавач на акциите. Дополнително, во врска со поништената трансакција, а поради непочитување на одредбите од Правилата за работа, членката на Берзата и брокерот вработен во членката од чија страна беше направена грешката беа соодветно санкционирани преку изрекување на парична казна за членката и изразување незадоволство од постапувањето на овластениот брокер при наддавањето во јавната берзанска аукција со акциите на АД „Гоце Делчев" с. Трубарево.

Со цел спречување на нарушување на стабилноста и интегритетот на пазарот на хартии од вредност, од страна на Берзата навремено беа преземени соодветни мерки кон членка која поради ненавремена уплата на парични средства на својата сметка за порамнување на трансакциите во НБРМ, на ден 23.10.2006 година не беше во состојба да изврши порамнувањето на дел од трансакциите склучени од нејзина страна на ден 18.10.2006 година. Имајќи ја предвид настанатата ситуација и евентуланите последици

од неа, Одборот на директори веднаш реагираше преку донесување на одлука со која се задолжи членката на Берзата во определениот временски рок да обезбеди доставување на писмено известување од страна на ЦДХВ до Берзата, со кое се потврди дека на својата парична сметка во НБРМ на која се депонираат парични средства за порамнување на склучените трансакции од страна на оваа членка, се депонирани парични средства во денарски износ потребен за порамнување на непорамнетите трансакции на оваа членка склучени на ден 18.10.2006 година, како и парични средства за непречено одвивање на порамнувањето на трансакциите на оваа членка склучени на Берзата на 19.10, 20.10 и 23.10.2006 година. Непостапувањето на членката согласно задолжувањата од Одборот на директори ќе значеше времено суспендирањ на истата од тргувањето на Берзата до целосно исполнување на обврските за порамнување на трансакциите. Воедно, членката беше задолжена да обезбеди писмено известување до Берзата за состојбата на својата паричната сметка во НБРМ на која се депонираат парични средства за порамнување на склучените трансакции во период од 30 календарски денови од денот на донесувањето на одлуката. Во рамките на својата надзорна функција Берзата го следеше спроведувањето на оваа одлуката, при што беше констатирано дека истата се почитува и спроведува од страна членката.

Во рамките на редовниот надзор над тргувањето Берзата вршеше следење и анализа на движењето на цените на ликвидните хартии од вредност, а особено на оние кои што се составен дел на МБИ-10, актуелните случувања на секундарниот пазар на хартии од вредност, инвеститорските сметки кои се најактивни на пазарот, поединечни трансакции со кои се истргувани значително мали/ големи количини на хартии од вредност и нивното евентуално влијание на придвижување на цените на тие хартии. Врз основа на овие анализи, согласно своите овластувања Одборот на директори во неколку наврати донесе одлуки со кои се интервенираше во статичките и динамичките лимити на дневните ценовни флуктуации при тргувањето со хартии од вредност.

Имајќи ја предвид големата пазарна нерамнотежа создадена кај акциите издадени од Комерцијална банка АД Скопје, а предизвикана од состојбите настанати од објавената информација за неуспешната продажба на банката, Одборот на директори на Македонската берза на итна седница одржана на 09.11.2006 година донесе одлука за времено прекинување на тргувањето со обичните и приоритетните акции издадени од Комерцијална банка АД Скопје. Временото прекинување на тргувањето беше со важност сé додека Комерцијална банка АД Скопје не објави дополнителни информации во врска со статусот на потпишаниот акционерски договор за формирање на мнозински пакет акции и објавената продажба на сопствени акции на банката. Со оглед на тоа што Комерцијална банка АД Скопје ги објави бараните информации, Одборот на директори на Македонската берза на итна седница одржана на 10.11.2006 година донесе Одлука за престанок на временото прекинување на тргувањето со обичните и приоритетните акции издадени од Комерцијална банка АД Скопје од 13.11.2006 година.

Имајќи предвид дека движењата на цените на акциите издадени од Комерцијална банка АД Скопје влијаеа и врз движењето на цените на целиот пазар, со цел заштита на инвеститорите, Одборот на директори на Македонската берза на итна седница одржана на 07.11.2006 година донесе одлуки за измени на статичките и динамичките лимити при тргувањето на Официјалниот пазар, при што статичките лимити од +/- 10% се намалија на +/- 5%, додека динамичките лимити од +/- 3% се намалија на +/- 1,5%. Овие лимити важеа во тргувањето од 08.11.2006 година. На седницата одржана на 21.11.2006 година

Одборот на директори ја анализираше состојбата на пазарот и заклучи дека се создадени услови да престане одлуката за намалени статички и динамички лимити. Со тоа, од 22.11.2006 година при тргувањето на Официјалниот пазар повторно се вратија статичкиот лимит од +/- 10% и динамичкиот лимит од +/- 5%.

Во текот на 2006 година, вообичаено од страна на Македонската берза беше спроведена редовна контрола на работењето на своите членки. Редовните контроли имаат за цел проверка на водењето на документацијата на членките поврзана за нивното тековно работење, особено од аспект на ажурноста на водење на книгата на налози и функционалноста на софтверската апликација за водење на истата, почитување на Процедурите за тргување и Правилата за работа на Берзата, примената на одредбите од кодексот на однесување и финансиските правила за одржување на потребниот ликвиден капитал на членките на Берзата, кадровската екипираност на членките на Берзата и степенот на усогласеноста на нивното тековно работење со законските прописи, Правилата за работа и другите акти на Берзата. Берзата изготви Извештај од контролите на работењето на членките на Македонската берза АД Скопје реализирани во периодот Јуни-Октомври, 2006 година, кој беше разгледан и усвоен од страна на Одборот на директори. Врз основа на извештајот од контролата, општа констатација на Одборот на директори беше дека работењето на членките на Берзата во текот на 2006 година е на високо ниво на усогласеност со актите на Берзата и важечките законски прописи од областа на хартиите од вредност. Воедно, Одборот на директори усвои одредени препораки кои се однесуваат за сите членки на Берзата и кои членките треба да ги применуваат во своето работење со хартии од вредност. Членките кај кои во текот на контролата беа констатирани забелешки и недоследности во работењето дополнително беа известени за насоките и активностите кои треба да ги превземат со цел отстранување на истите.

Берзата активно го следеше начинот на кој што се одвиваше тргувањето по стапувањето на сила на измените на Процедурите за тргување, односно по воведувањето на т.н. “прекинувачки аукции” започнувајќи од месец Март, особено од аспект на активноста на налозите кои ја предизвикале прекинувачката аукција и нивното евентуално повлекување или менување.

## 7. АКТИ НА БЕРЗАТА

Во текот на 2006 година, главните активности во врска со актите на Берзата беа фокусирани на изменување на постоечките и донесување на нови акти, во рамките на законски предвидениот рок за усогласување на работењето на Берзата со одредбите од Законот за хартии од вредност.

Активностите со цел усогласување на работењето на Берзата со Законот за хартии од вредност започнаа кон крајот на првата половина од годината, кога беа формирани работните групи составени од членови на Одборот на директори и вработени во Берзата за подготовка на текстовите на предлог-актите на Берзата. Активностите на работните групи во текот на подготовката на предлог-актите се движеа во рамките на предвидените рокови, при што особено се имаше предвид транспарентноста при донесувањето на новите акти, односно доставувањето на текстовите на работните верзии на актите на сите членки на Берзата со цел прибирање на мислења и коментари.

На неколку седници на Одборот на директори кои беа одржани во месец Септември, Октомври и Ноември беа донесени Правилата за однесување и дисциплина, Правилата за членство, Правилата за тргување, Правилата за Котација, Правилата за арбитража. На XIX седница на Собранието на акционери на Берзата која се одржа на 09.11.2006 година, беше донесена Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Македонската берза, во рамките на која беше подготвен текст на Статутот во кој беа инкорпорирани измените и дополнувањата.

Со оглед на тоа дека Законот за хартии од вредност повеќе не го предвидуваше постоњето на досегашните Правила за работа на Македонската берза, во кои во најголема мера беа регулирани општите прашања од суштествено значење за работењето на Берзата, голем дел од одредбите од овие Правила беа превземени и во соодветна форма вградени во текстовите на изменетите и/или новите акти на Берзата.

Така, измените и дополнувањата на Статутот на Македонската берза АД Скопје се направени во насока на исполнување на законскиот минимум на прашања од работењето на Берзата кои се регулираат со статут, предвидени со Законот за хартии од вредност, вградување на некои одредби од постоечките Правила за работа на Берзата, како и на доразработување на прашања од работењето на Берзата кои произлегуваат од нејзиниот статус на акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва, во духот на општоприфатените принципи на корпоративно уредување и управување на акционерските друштва.

Со донесувањето на новите Правила за членство се направи сумирање на сите одредби кои се однесуваа на регулирање на членството во Берзата во еден акт, како и проширување и доразработување на прашања од суштествено значење за брокерските куќи/банките во однос на нивното членство во Берзата. Притоа, одредбите од Законот за хартии од вредност кои се однесуваат на оваа проблематика беа комплетно инкорпорирани во текстот.

Усогласувањето на Берзата со Законот за хартии од вредност во смисла на донесување на Правила за тргување значеше изменување и дополнување на важечките Процедури за тргување на Македонската берза, со цел нивно квалитативно подобрување, генерирање на сите правила во однос на тргувањето со хартии од вредност на Берзата во еден акт, воведување на новини согласно состојбите на пазарот со хартии од вредност и доразработување на законските одредби согласно Законот за хартии од вредност. Притоа, беше изготвен нов текст, кој во основа се базира на текстот на досегашните Процедури за тргување и во кој се соодветно вградени одредбите од Правилата за работа кои се однесуваа на тргувањето со хартии од вредност. Исто така, во овие правила се разработени два нови анекси кои регулираат проблематика на понудување на примирна емисија на хартии од вредност преку берза и понудување на големи пакети на акции преку аукциски модел на продажба.

Правилата за котација во основа се базираат на одредбите од досегашниот Правилник за котација на Македонската берза, но направени се суштествени измени во однос на пазарната сегментација, критериумите за котација и обврските за доставување на податоци од страна на котираните друштва, при што е воведен и посебен сегмент на "Супер котација".

Тргнувајќи од законските одредби според кои споровите помеѓу членките на Берзата и споровите помеѓу членкте на Берзата и клиенитите мораат односно можат да се решаваат по пат на арбитража, донесени се нови правила за арбитража, кои согласно законската можност за заедничко подготвување и применување се донесени како Правила за арбитража на Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Со оглед на тоа дека согласно член 88 од Законот за хартии од вредност, Статутот, правилата на Берзата и нивните измени и дополнувања подлежат на согласност од Комисијата за хартии од вредност, овие акти на Берзата во пакет беа доставени до Комисијата за хартии од вредност за согласност во законски предвидениот рок. До крајот на 2006 година, од страна на Комисијата за хартии од вредност беше дадена согласност на Правилата за котација, со Решението бр. 08-2505/3 донесено на 26.12.2006 година.

Освен обврските за нормативни промени што произлегуваа од новиот Закон за хартии од вредност, Македонската берза АД Скопје во текот на 2006 година изврши и други промени на своите акти во функција на подобрување на пазарниот амбинет и разработување на нови начини и модалитети на организација на пазарот на хартии од вредност заради негово унапредување.

Во текот на првата половина од 2006 година беа донесени нови Процедури за јавни берзански аукции на акции и Процедури за јавни берзански аукции на удели со кои се воведе можност за купување на дел од понудената количина на акции односно удели, односно купување преку т.н. модел „на парче”. Ваквите новини одеа во прилог на организирањето и продажба на државните акции во Македонски телекомуникации АД Скопје на парче по пат на јавни берзански аукции, како и продажбите на акциите и уделите во сопственост на Фондот на ПИОМ и Министерството за економија. Процедурите за јавни берзански аукции на акции и Измените и дополнувањата на Тарифникот беа одобрени од Комисијата за хартии од вредност и стапија на сила од 02.06.2006 година.

Поради воведувањето на различни модели на реализација на јавна берзанска аукција од една страна, и со цел обезбедување на еднаков третман на Република Македонија, органите на државната власт и Фондот на ПИОМ при продажба на акциите во нивна сопственост во акционерските друштва од друга страна, Одборот на директори донесе одлука со која беа направени соодветни измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонската берза.

Во текот на Мај 2006 година продолжија активностите од последната фаза за финализација на текстот на “Кодекс за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза АД Скопје”. Македонската берза, во соработка со Проектот на IFC за корпоративно управување одржа три работни средби со претставници на котираните друштва и завршна јавна расправа на 14.06.2006 година. На седницата одржана на 26.06.2006 година Одборот на директори на Македонската берза го усвои текстот на Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје. Кодексот се очекува да се применува од страна на котираните друштва на доброволна основа по принципот “примени или објасни”

почнувајќи од Јануари 2007 година, освен за друштвата кои согласно новите Правила за котација донесени кон крајот на годината се котирани на т.н. суперкотација, за кои примената на Кодексот е задолжителна.

Во првата половина на годината се интервенираше во текстот на постоечиот Статут на Берзата поради имплементацијата на Одлуката за зголемување на основната главнина на Македонската берза АД Скопје со средства на друштвото, која согласно Законот за трговски друштва има карактер на одлука за измена на статут. Имено, со донесувањето на оваа Одлкука се изврши измена на износот на основната главнина во член 7 од Статутот на Берзата и истиот од 450 Евра се зголеми на 607,10 Евра. За ваквата измена на Статутот беше добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност и беше извршено упишување на промената во основната главнина на Берзата во Единствениот Трговски Регистар на Република Македонија и во Централниот депозитар за хартии од вредност.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 8.1.Модификафии на БЕСТ системот

- **Воведување на прекинувачки аукции**

По донесувањето на одлуката од страна на Одборот на директори на Македонската берза за воведување на прекинувачки аукции за сите хартии од вредност кои се ворежимот на континуирано тргување беше извршено интензивно тестирање на новата верзија на системот за тргување и новата верзија на Станицата за тргување и Станицата за надзор. По успешното тестирање, на ден 06.03.2006 година беше пуштена во употреба новата верзија на БЕСТ која поддржува и прекинувачки аукции.

По воведување на прекинувачките аукции беше изработен нов извештај во БерзаНет – Надзор кој ги прикажува сите прекинувачки аукции во даден период за дадена хартија од вредност.

- **Воведување на два нови алгоритми за тргување**

По извршените измени на процедурите за органицирање на јавни берзански аукции, во БЕСТ системот беа додадени уште два нови алгоритми за тргување. Првиот алгоритам е модификација на постоечкиот алгоритам за Јавни берзански аукции и истиот овозможува продолжување на аукцијата за 5 минути доколку дојде до подобрување на најдобрата куповна цена во последната минута од акуцијата. Вториот алгоритам се однесува на новите Јавни берзанаски аукции “на парче” и истиот содржи функционалности за дополнително сортирање на книгата на активни куповни налози по количина – опаѓачки и функционалност за определување на максимална вредност на количината на куповните налози во однос на продажниот налог.

- **Други модификации на БЕСТ системот**

Заради остварување на подобрени перформанси на системот за тргување БЕСТ во однос на калкулација на берзанските индекси, подобрувања на комуникациските протоколи (Engine – Gateways, Gateways – Clients) и други помали модификации во неколку наврати беа исталирани подобрени верзии на БЕСТ системот.

## 8.2.Изработка на нови продукти

- **Изработка на web service (MSEDVWS) за дистрибуција на податоци**

За потребите на Берзата беше изработен нов производ за дистрибуција на берзански податоци, web service (MSEDVWS) во реално време. Комерцијални договори за употреба на овој web service се попишани со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) на 01.03.2006 година и TenFore на 01.10.2006 година.

- **Изработка на web service (MSEDyWS) за дистрибуција на податоци**

За потребите на Берзата беше изработен нов производ за дистрибуција на берзански податоци, web service (MSEDyWS), со определено задоцнување во дистрибуцијата на податоците  (одложена дистрибуција од 20 минути).

- **Изработка на web service (MSEEODWS) за дистрибуција на податоци**

За потребите на Берзата беше изработен нов производ за дистрибуција на крајните дневни берзански податоци - web service (MSEEODWS). По добиеното барање од страна на  дистрибутерите на берзански податоци Thomson и EUTrek за остварување на тесна врска со системот за дистрибуција на податоци на берзата (MSEEODWS), а со цел прилагодување на нивната апликација за приказ на овие податоци се реализираше поврзувањето со овие компании во смисла на дистрибуција на податоците MSEEODWS заради тестирање. Поврзувањето ќе трае до 30.06.2007 година, а Thomson и EUTrek ќе ги користат овие податоци исклучиво за развој и прилагодување на нивните апликации.

## 8.3.Инсталација на софтверски продукти

- **Инсталација на нова верзија на Маил сервер апликација**

Поради престанокот на поддршката на производителот на mail сервер апликација која се користи во Македонската берза беше инсталирана нова верзија на mail сервер апликацијата која овозможува подобрена anti-spam, anti-virus и DoS заштита.

- **Набавени и инсталирани лиценци за Оператине систем и систем за канцелариска работа**

По набавката на лиценците за користење на Windows XP SP 2 и Office 2003 SB, следеше процес на инсталација на истите на сите работни станици во Берзата.

### 8.4. Други активности

- **Превземање на администрирањето на корисници на БЕСТНЕТ од страна на Берзата**

На 06.04.2006 година успешно беше превземено администрирањето на корисниците на БЕСТНЕТ од страна на Берзата. Во период од 06.04.2006 до 31.12.2006 регистрирани се 151 корисници, од кои дваесетина корисници се од странство, со годишни претплати на БЕСТНЕТ. Исто така, се вршеше асистирање и на постоечките корисници во врска со употребата на БЕСТНЕТ, како и продолжување на нивните претплати.

- **Резервна локација на Берзата**

На 30.08.2006 година по потпишувањето на договор за обезбедување инфраструктура за поставување компјутерска и комуникациска опрема, започна со работа резервната локација на Берзата сместена во просториите на КИБС АД Скопје. Од 01.09.2006 година се врши репликација на сите берзански податоци во реално време од просториите на Берзата до серверите сместени во просториите на КИБС АД Скопје.

## 9. ПРОМОТИВНИ И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2006 година работењето на Македонската берза АД Скопје во повеќе наврати предизвикуваше нагласен интерес во медиумите, пред се поради порастот на општото ниво на цените на хартиите од вредност на пазарот и зголемениот обем на тргување. Редовно се објавуваа дневните, неделните и месечните извештаи од тргувањето. Јавноста редовно се известуваше и преку месечниот Билтен на Македонската берза АД Скопје, а особена нагласка се стави на редовно и навремено ажурирање и дистрибуирање на информациите преку веб страницата на Берзата. Исто така, на Телевизијата Канал 5 продолжи прикажување на податоците од тргувањето на Македонската берза на тикер во рубриката "Економија".

Во рамките на медуимската промоција на активностите на Берзата и состојбите со тргувањето со хартии од вредност на Берзата, извршните директори дадоа повеќе интервјуа и изјави за повеќето домашни електорнски и печатени медиуми (Македонска Телевизија, Македонско Радио, Канал 5, Канал 4, Утрински весник, Вечер, Капитал, Дневник, А1 Телевизија, Сител Телевизија, Нова Македонија), како и за неколку странски медиуми. Исто така, по потреба беа организирани и неколку прес конференции, за кои имаше значителен медиумски интерес.

Кон крајот на 2006 година Македонската берза започна со дистрибиурање на своите податоци за тргувањето во новините Економист-Белград и Белград-Тајмс неделно.

Во соработка со агенцијата МИА, продолжи редовното објавување на посебната рубрика во која што се објавуваат вести, трговски и други податоци што ги доставува Македонската берза АД Скопје.

Во соработка со МТВ, секој понеделник редовно се објавуваат неделни податоци од тргувањето на Македонската берза АД Скопје.

Заради транспарентност на процесот на одвивањето на јавните берзански аукции со акциите и уделите понудени од Фондот за ПИОМ, и продажбата на државниот капитал во Македонски Телекомуникации АД Скопје, Македонската берза во периодот од 02.06-09.06.2006 година им овозможи на претставниците на медиумите следење во живо на јавните берзански аукции преку монитори и проектори поставени во салата за состаноци на Берзата. Следењето во "живо" на тргувањето во текот на јавните берзански аукции во просториите на Берзата беше особено позитивно примено од страна на новинарите и во голема мера придонесе кон транспарентноста на продажбата на овие хартии од вредност и објективно и навремено информирање на јавноста.

Во текот на годината во неколку наврати беше истакната потреба од реакции и одговори од извршните директори на Берзата на неколку новинарски прилози каде Берзата или берзанското работење беше споменувано во негативни конотации, со цел појаснување на повеќе аспекти од функционирањето на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија.

Особено истакнат промотивен настан во 2006 година беше одбележувањето на десетгодишнината од првиот ден на тргување на Македонската берза. Во рамките на програмата по тој јубилеј беа реализирани активности во периодот од 30.03-01.04.2006 година. Во рамките на прославата се организираше гала вечера на која присуствуваа Претседателот на Владата на Република Македонија, претставници на странски берзи, директори на банки, брокерски куќи/дирекции за работа со хартии од вредност, ревизорски куќи, акционери на Македонска берза, директори на котирани компании и на кои им беше прикажана и видео монографијата "10 години Македонска берза" и беа поделени плакети на најуспешните котирани компании и институции што помогнаа во развојот на Македонската берза. На вториот ден од прославата беше одржана Конференција на тема: "Моменталното ниво на развој на берзите во Југоисточна Европа: што понатаму?", на која земаа учество домашни и странски ескперти од областа на пазарот на капитал и претставници на берзите од регионот. На последниот ден од одбележувањето на јубилејот, Берзата организираше соодветна прослава во Охрид на која беа поканети да присуствуваат вработените во сите членки на Берзата, како и претставници од Комисијата за хартии од вредност, Централниот Депозитар за хартии од вредност и некои странски гости.

На 28.07.2006 година амбасадорот на САД во Р.Македонија, г-ѓа Џилијан Миловановиќ заедно со свои соработници оствари работна посета на Македонската берза АД Скопје. Во рамките на посетата, амбасадорката Миловановиќ беше информирана за функционирањето на Берзата, нејзината организациона поставеност, а особено за начинот на тргување преку БЕСТ системот, при што од нејзина страна беше нагласено дека добрите перфоманси на Берзата во изминатиот период се за поздравување и дека ваквиот развој претставува позитивен сигнал за поефикасно функционирање на пазарните принципи во македонската економија.

Македонската берза АД Скопје и оваа година учествуваше на саемот за финансии ФИНЕКСПО во периодот од 06.12-08.12.2006 година преку две презентации на

извршните директори на Берзата во рамките на кои беше презентирано берзанското работење во 2006 година, за кои имаше задоволителна посета од публиката.

Со цел промовирање и поттикнување на транспарентно и навремено објавување на информации од страна на котираните акционерски друштва во Република Македонија, Берзата одлучи да воведе годишна награда „Кристално ѕвоно” за најтранспарентно акционерско друштво котирано на Берзата, со што ќе се постигне и препознавање на издавачите на хартии од вредност кои во евалуираниот период претставуваат пример за добро корпоративно комуницирање со инвестициската јавност. Наградата „Кристално ѕвоно” е симболична награда, која ќе се доделува еднаш годишно, почнувајќи од 2008 година, а ќе опфаќа период на евалуација од една календарска година, почнувајќи од 2007 година.

Во текот на целата година промоција на Македонската берза и берзанското работење за поширокатa јавност (ученици, студенти и др.), се вршеше и во просториите на Македонската берза. Беа одржани презентации за ученици од средното економско училиште од Скопје, за ученици од гимназијата од Струмица, за студенти од Штуловиот Универзитет, слушателите на обуката за работа со хартии од вредност организирана од Комисијата за хартии од вредност, и други, при што им беше претставено работењето на Берзата, а на студентите и учениците им беа поделени соодветни брошури и други промотивни и едукативни материјали за Македонската берза.

Во рамките на едукативниот проект "Студентска берза", во текот на 2006 година Берзата ги преземаше сите потребни активности за сервисирање на апликацијата, промоција на проектот и на доделувањето на наградите на најдобрите учесници во соработка со покровителите на проектот (главен покровител: Комерцијална банка АД Скопје; медимуски покровител: Капитал и неколку други покровители).

## 10. НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Соодветно на измените што беа направени во актите на Берзата, Берзата организираше обуки и презентации за членките на Берзата на кои беа објаснети и по потреба тестирани новините што се воведуваа, а со цел нивна полесна имплеметација, како и разменување на различни ставови и мислења за истите.

На почетокот во Декември 2006 година во просториите на Македонската берза беше организирана презентација за членките на Берзата на која беше претставена содржината на донесените нови акти на Берзата, кои се предадени во Комисијата за хартии од вредност заради добивање согласност. На презентацијата, членките на Берзата беа инфромирани за новините на предлог-актите на Берзата, за други позначајни аспекти во врска со нивната примена и за причините за нивното донесување, односно изменување, но исто така и за нормативното доуредување на актите со цел понатамошен развој на пазарната регулатива и организација.

Македонската берза, како членка на Групацијата за работа со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија, го потпиша Кодексот за професионална етика на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, со што ја изрази својата поддршка и согласност со моралните и етичките норми содржани во него.

Во рамките на законската обврска за донесување на подзаконски акти согласно одредбите од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност во текот на 2006 година, во неколку наврати ги објавуваше предлог-правилниците на својата веб страница пред нивното конечно донесување, со цел прибирање на јавното мислење и кометари за истите. Во текот на јавната расправа, од страна на Берзата беа испратени Забелешки и коменатри на правилници со кои се регулираат прашања од доменот на работењето на Берзата, како и прашања од доменот на тргувањето со хартии од вредност.

Согласно Законот за хартии од вредност, а врз основа на поднесени барања со цел навремено усогласување со истиот, на десет вработени на Берзата им беа издадени Решенија за давање дозвола за работење на брокер од страна на Комисијата за хартии од вредност и истите се објавени во Службен весник на Република Македонија.

По барање на Дирекцијата за спречување на перење на пари при Министерството за финансии, Берзата достави свои коментари и забелешки на Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело. Исто така, Берзата даде свој придонес при подготовка на коментарите на Предлог Законот за банки кои беа доставени од страна на Групацијата за работа со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија до Министерството за Финансии.

По завршување на постапката за автентично толкување на Законот за договорен залог покрената врз основа на Иницијативата на Одборот на директори на Македонската берза од 2005 година и врз основа на исходот од расправата од седницата на Собранието на Република Македонија во врска со ова прашање, од страна на Берзата на членките им беше испратена Информација во врска со Иницијативата со предлози за понатамошно постапување, со која се дадоа насоки за постапување на членките на Берзата при прием на налози за продажба на заложени хартии од вредност.

Комисијата за хартии од вредност изврши контрола на работењето на Македонската берза АД Скопје на 19.12.2006 година во согласност со Законот за хартии од вредност, при што од доставениот записник беше евидентно дека не се констатирани неправилности и нерегуларности во работењето.

Македонската берза редовно учествуваше на состаноците на Здружението на банкарство во Стопанската Комора на Р.Македонија, каде, меѓу другото, се разгледуваа предлог текстови на законски и подзаконски акти од областа или поврзани со работењето со хартии од вредност и се дискутираа прашања од значење за функционирањето на пазарот со хартии од вредност.

И во текот на оваа година Македонската берза АД Скопје на неколку наврати доставуваше одговори по доставени барања во рамките на судски и други постапки водени од страна на: Јавното правобранителство, Јавното обвинителство, Управата за јавни приходи, судови и други надлежни институции, претежно во врска со податоци за склучени берзански трансакции.

## 11. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

Во текот на 2006 година претставници на Македонската берза во рамките на билатерната соработка на Берзата со други берзи од регионот и пошироко, оствариja повеќе посети и имаа средби како со претставници од берзите така и со претставници од други институции од пазарите на хартии од вредност во посетените земји.

Во текот на оваа година, Македонската берза продолжи со својата активна улога како членка на ФЕАС и придружна членка на ФЕСЕ. Во рамките на тоа, од страна на Берзата беа проследени редовните активности околу ажурирање на базата на податоци на FEAS преку внес на месечни извештаи за тргувањето, како и внес на податоци на интернет порталот SEM-ON.NET кои се однесуваат на податоци и информации за котираните друштва.

На почетокот од годината претставници на Македонската берза ја посетија берзата во Софија и една од водечките брокерски куќи во Република Бугарија, при што беше разгледуван моделот на аукциска продажба на Бугарскиот Телеком преку Софиската берза, со цел прибирање на искуства заради организацијата на продажбата на акциите на АД Македонски Телекомуникации, која се реализираше на почетокот на месец Јуни 2006 година.

Во рамките на билатералната програма за размена во рамките на ФЕАС, извршните директори на Берзата ја посетија берзата во Букурешт, Романија при што особено внимание беше посветено на политиката на берзата во Букурешт кон котираните друштва, контрола врз транспарентноста на нивното работење, како и некои аспекти на трговската апликација на која функционира берзата во Букурешт, посебно од аспект на сервисирањето на иницијалните јавни понуди на хартии од вредност и сегментацијата на пазарот. Дел од решенијата што се применуваат на оваа берза беа инкорпорирани во Програмата за работа на Берзата во 2006 година.

Во средината на месец Јуни, во еднодневна посета на Македонската берза беа високи преставници на новото раководство на берзата во Тирана, со цел воспоставување на билатерална соработка помеѓу двете берзи, како и пренесување на нашето искуството за улогата на Македонската берза во развојот на пазарот на капитал во нашата земја.

Исто така, во посета на Македонската берза, по негово барање, беше г-динот Јоханес Шонегер, Директор за меѓународни алијанси во Виенската берза, кој на средбата со претставниците од Македонската берза беше запознат со досегашната работа на Македонската берза и нејзините развојни планови. На средбата г-динот Шонегер информираше за можностите за билатерална соработка помеѓу двете берзи и стратегијата на берзата во Виена за нејзина понагласена активност во правец на поинтензивна соработка на берзите во регионот на Централна и Југоисточна Европа и беше најавена можноста за потпишување на меморандум за соработка помеѓу двете берзи. На 26 Септември 2006 година во просториите на Македонската берза АД Скопје беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Македонската берза и Виенската берза, кој претставува израз на заедничкиот интерес на двете берзи за воспоставување поблиска билатерлана соработка и можност за реализација на заеднички проекти во иднина.

По повод десетгодишниот јубилеј од тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза, во рамките на VII Годишна Конференција на Македонската берза присуствуваа истакнати гости од неколку странски берзи, што беше искористено како можност за размена на искуства од областа на пазарот на хартии од вредност.

Во текот на 2006 година, извршните директори на берзата земаа учество активно учество на повеќе меѓународни конференции и тоа: годишната конференција на Вараждинската берза, 23-тата финансиско берзанска конференција организирана од страна на Љубљанаската берза, годишната конференција на Загребската берза и годишната конференција на Белградската берза.

Во текот на 2006 година од страна на Македонската берза беа превземени голем број на активности во насока на продлабочување на регионалната соработка со другите берзи од регионот и инволвирање во актуелните интеграциони процеси. Од особено значење беше учеството на Главниот извршен директор на состанок во Виена на кој учествуваа директори на 16 берзи (Бања Лука, Белград, Братислава, Букурешт, Будимпешта, Љубљана, Подгорица (2 берзи), Прага, Сараево, Скопје, Софија, Вараждин, Виена, Варшава и Загреб) што се одржа на крајот на месец Јуни. На средбата беше формиран Управен комитет (во кој ќе членуваат директорите на берзите) и кој ќе се состанува 2 пати годишно и беа формирани 5 работни групи (1. за анализа на можности за прекугранично берзанско тргување и членство; 2. за хармонизација на правила за котација; 3. за корпоративно управување; 4. за развој на нови производи и индекси и 5. за анализа на влијанието на новата директива на ЕУ за “пазарите со финансиски инструменти” (EU Markets in Financial Instrumenst Directive – MiFID) што има за цел поактивна соработка на берзите во овие земји на неколку полиња.

Кон средината на годината, Главниот извршен директор, заедно со претставниците на повеќето берзи од подрачјето на поранешна Југославија (освен берзите од Хрватска) оствари средба со претставникот на холдингот на нордиски и балтички берзи OMX. Средбата се одржа во Белград, при што беше разговарано за можната соработка со OMX, како и за интензивирање на соработката на берзите од Југоисточна Европа со помош на OMX.

Како продолжување на оваа средба, на иницијатива на Љубљанската берза, во месец Септември во Белград се одржа зедничка средба со претставници на Белградската берза и Љубљанската берза, на која присуствуваше Главниот извршен директор на Берзата. На средбата претставниците на OMX уште еднаш го потврдија својот интерес за нивна инволвираност во процесите на интеграција на берзите во регионот, при што напоменаа дека преферираат градуелен пристап во нивниот настап – во прва фаза поблиска соработка со група од само неколку берзи заради полесна координација на активностите. Притоа, претставникот на OMX истакна дека нивна примарна цел во функција на интензивирање на овој процес е сопственички влез во некоја од локалните берзи.

Претставници на Одборот на директори на Берзата учествуваа на 10-тата годишна конвенција на Федерацијата на европски берзи (ФЕСЕ) на тема: “Во насока на поефикасни пазари на капитал”, која се одржа во месец Јуни во Швајцарија и на 12-то годишно собрание на ФЕАС кое се одржа во месец Ноември во Египет.

## 12. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Имајќи ги предвид исклучително поволните финансиски резултати што Македонската берза ги има постигнато како последица од повеќекратното зголемување на обемот на тргување, од една страна и немањето на сопствен деловен простор на Берзата од друга страна, на седницата одржана на 30.03.2006 година од страна на Собранието на акционери на Берзата беше донесена Одлука за одобрување на голема зделка, врз основа на која ќе се изврши набавка на сопствен деловен простор. По донесувањето на оваа Одлука се пристапи кон преземање на соодветните активности за нејзината реализација, кои значеа формирање на работна група за разгледување и проценка на расположливите локации во поширокото централно градско подрачје, прибирање на понуди од понудувачите на деловните простори и/или локации како и редовно информирање на Одборот на директори за текот на постапката за набавка на деловниот простор.

По предлог на работната група за деловен простор, Одборот на директори за потребите на набавка на деловен простор на Берзата ја избра понудата добиена од Жито Скопје АД Скопје за објектот на ул."Орце Николов" бр.75 или два спрата од по 372 м2 секој, вкупно 744м2 по цена од 1365 евра по м2 (со вклучен ДДВ) или во вкупна вредност од 1.015.560 евра. Соодветно на избраната понуда, Собранието на акционери на Берзата на седницата одржана на 09.11.2006 година донесе одлука со која се зголеми претходно утврдениот износ средства потребни за реализација на големата здлека при што приоритет при набавката се даде на локацијата што Одборот на директори ја имаше одбрано.

## 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2006 ГОДИНА

Во 2006 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупен приход** во износ од **172.064.861 денари** и истиот е за 130% повисок во однос на остварениот во 2005 година. Ова зголемување на приходот се должи пред сé на зголемување на приходите од надоместот за тргување.

Најголемиот дел од приходите во износ од 158.251.759 денари или 92% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување и истите се за 149 % повисоки во однос на остварените во 2005 година. Кај приходот од тргувањето со хартии од вредност во државна сопственост има најголемо зголемување (од 156.150 денари во 2005 година на 13.749.967 денари во 2006 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи зголемување од 476,60% во однос на истиот во 2005 година и приходот од нормални трансакции е зголемен за 82,8%.

Приходите остварени од камата на орочени депозити кај банките и од камата на депозити по видување, изнесуваат 3.904.025 денари и претставуваат 2.27 % од вкупните приходи. Зголемување на овие приходи од 47% во најголема мерка се должи на зголемување на износот на пласираните средства како депозити од 44,4 милиони денари на 01.01.2006 година на 87,7 милиони денари на 31.12.2006 година. По основ на вложени средства во државни записи на годишно ниво е остварен приход во износ од 2.081.422 денари.

Приходите по основ на надомест за прием во членство изнесуваат 660.000 денари. Овој приход е резултат на прием на две нови членки на Берзата: Алта Виста брокер АД Скопје и Иновоброкер АД Скопје. Во овој период не е остварен приход од членарина затоа што согласно Одлуката на Одборот на директори од 01.03.2005 година, почнувајќи од 01.03.2005 година членките се ослободени од плаќање членарина. Во 2005 година е остварен приход по овој основ во износ од 170.000 денари (членарина за месеците јануари и февруари).

Остварени се и приходи по основ на котациона провизија од 44 котирани друштва, во износ од 4.400.000 денари или 2.56% од вкупните приходи и се за 33% помали во споредба со 2005 година. Ова намалување се должи на исклучување од котација на 13 друштва во текот на 2006 година.

Во 2006 година Берзата оствари и други приходи во износ од 2.767.655 денари што се за 185% повисоки во споредба со истите во 2005 година. Ова се приходи остварени од берзанска такса за приклучок на Бест системот, приходи по основ на курсни разлики, приходи по основ на наплатени сомнителни и спорни побарувања, надомест за полагање на испит, користење на веб страницата на Берзата за објавување на јавен повик за нова емисија на акции, приходи од СМС пораки, приходи од продажба на Интернет сервисот БЕСТНЕТ. Најголемо учество во другите приходи имаат приходите по основ на наплатени сомнителни и спорни побрувања  во износ од 1.057.591 денари; приходи од продажба на Интернет сервисот БЕСТНЕТ во износ од 694.805 денари (зголемување од 126%); приходи од берзанска такса за приклучок на Бест системот  во висина од 272.000 денари. Во 2006 година е остварен и приход од дистрибуција на берзански податоци од 159.117 денари и е започнато користење на апликацијата МБНет како нов интернет сервис што го нуди Македонска берза во своето работење од кој е остварен приход по овој основ од 80.000 денари.

**Вкупните расходи** остварени во 2006 година  изнесуваат **69.082.705  денари** и истите се номинално за 44,6% повисоки од остварените во 2005 година кога истите изнесувале 47.782.713 денари. На зголемувањето на расходите во 2006 година во однос на расходите во 2005 година најголемо влијание има зголемувањето на надоместокот од реализирани берзански трансакции за Комисијата за хартии од вредност од 143% (што се должи на зголемените приходи од берзански трансакции) и  трошоците за прославата „10 години од тргувањето на Македонска берза" кој претставува еднократен трошок во 2006 година. Така, доколку расходите на Берзата во 2006 година се прилагодат за износот на надоместокот кој Берзата го префрла во КХВ и трошоците за прославата „10 години од тргувањето на Македонска берза" истите изнесуваат 35.586.873 денари наспроти соодветно прилагодените расходи од 34.742.861 денари во 2005 година .

Во 2006 година за трошоци за провизија за извршени услуги и слични трошоци направени се расходи во износ од 31.812.679 денари, што претставува 46% од вкупните расходи. Во овие трошоци, со 99,5% учествува надоместот од реализирани берзански трансакции за Комисијата за хартии од вредност, во износ од 31.650.351 денари. Кај овие расходи имаме зголемување од 142,7% во однос на истите минатата година што се должи на зголемени приходи по основ на надомест од тргување. Останатите трошоци се однесуваат на провизии од банки.

За Општи и аминистративни трошоци и амортизација, направени се расходи во износ од 34.662.491 денари. Во тие рамки трошоците за бруто плати се реализирани во износ од 10.750.942 денари и истите учествуваат во вкупните расходи со 15,5%. Кај бруто платите во 2006 година во однос на планот има остварување од 92%. Бруто платите на извршните членови на Одборот на директори изнесуваат вкупно 4.111.676 денари, односно 2.317.060 денари и 1.794.616 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

Трошоците по основ на колективен договор изнесуваат 1.619.996 денари и претставуваат 1,3% од вкупните расходи за 2006 година. Во однос на 2005 година имаме намалување од 32% што се должи на исплатениот надоместок по основ на спогодбено раскинување на работен однос на Звонко Поповски (783.553 денари) во 2005 година. Овие трошоци се направени за исхрана (389.430 денари), превоз на вработените (141.540 денари), за регрес за годишен одмор (156.000 денари), награди за вработените согласно одлука на Одборот на директори (820.320 денари) и јубилејна награда (купен часовник) од 12.706 денари.

Годишната награда пресметана согласно договорите за уредување на меѓусебните односи помеѓу Берзата и извршните членови на Одборот изнесува 2.100.000 денари во нето износ, односно 1.200.000 денари и 900.000 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

Согласно одлуката за годишен надомест на неизвршните членови на Одборот на директори, донесена на седница на Собранието на акционери од 30.03.2006 година пресметан е годишен надомест на неизвршните членови на Одборот на директори во вкупен бруто износ од 2.386.364 денари или нето износ од 190.910 денари по член.

Материјалните и слични трошоци изнесуваат 1.361.276 денари или 1,97% од вкупните расходи (трошоци за: електрична енергија, топлификација, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично) и истите се во висина на трошоци во минатата година.

Трошоците за услуги изнесуваат 8.645.207 денари и истите учествуваат со 12,5 % во вкупните расходи и се за 18,8% поголеми во однос на 2005 година. Од нив 675.817 денари отпаѓаат на услуги поврзани со прославата „10 години од тргувањето на Македонска берза”. Врз остварените трошоци за услуги, најголемо влијание имаат трошоците за закупнина во износ од 2.235.581 денари (25,9 % од вкупните трошоци за услуги). За услуги за тековно одржување на опремата направени се трошоци во износ од 1.470.937 денари, а за телефонски услуги (за функционирање на БЕСТ системот и редовното работење на Берзата) направени се трошоци во износ од 1.900.742 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за користење на Интернет, печатарски услуги, интелектуални услуги, фотокопирање и друго.

За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 981.343 денари. Кај овие трошоци има зголемување од 44,7% во однос на истите лани, а се за 23% повисоки од планираните за 2006 година.

Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 1.870.586 денари и тие изнесуваат 2,7% од вкупните расходи или во висина на планираните трошоци за 2006

година. Бруто износот на надоместокот за неизвршен член на Одборот на директори за 2006 година изнесува 169.413 денари или во нето износ 144.000 денари по член.

Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 2.736.605 денари и претставуваат 3,9% од вкупните расходи, односно се во рамките на планираните за 2006 година. Имено, за промотивни цели во 2006 година се направени трошоци во висина од 905.978 денари за разлика од 2005 година кога на овие издатоци се потрошени 626.401 денари. Направените трошоци за репрезентација во 2006 година изнесуваат 1.830.627 денари наспроти 1.224.653 денари во 2005 година. Треба да се напомене дека влијание на зголеувањето на овие трошоци има прославата „10 години од тргувањето на Македонска берза" (свечени вечери, монографии и сл.)

Други административни трошоци се однесуваат на осигурување на имот и лица во висина од 405.132 денари. Осетното зголемување кај овие трошоци во однос на 2005 година се должи на осигурувањето на извршните директори ( 293.760 денари) согласно договорите за уредување на меѓусебните односи помеѓу Берзата и извршните членови на Одборот.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 1.518.676 денари, што претставува 2,2% од вкупните расходи. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно Уредба со примена на амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.

За Други трошоци и вонредни расходи, направени се трошоци во износ од 1.009.503 денари. Овие расходи се направени за членарини: во Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за ФЕСЕ, членарина за Американска и Холандска Стопанска комора, за Стопанска комора на Македонија, придонес за дополнително здравствено осигурување од плата, доплата на придонес за здравствено осигурување согласно коефициентите на сложеност, судски и административни такси.

За Исправка на вредност на побарувања направени се трошоци во износ од 1.598.032 денари. Направена е 100% исправка на вредноста на побарувања од одреден број котирани акционерски друштва за неплатен надомест за котација постари од една година и побарувања од 2006 година за кои е проценето дека има потешкотии во наплатата, согласно усвоените Сметководствени политики на Берзата.

* * *

Како резултат од повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2006 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **102.982.156 денари**.

Пресметан е данок од добивка во износ од 16.134.637 денари, а остварената **нето добивка** за 2006 година изнесува 86.847.519 денари.

Во 2006 година е остварена **бруто профитна стапка од 59,9% (бруто добивка/вкупни приходи).**

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12. 2006 година изнесува **169.334.331 денари.** Во структурата на активата доминираат најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени до три месеци и државни записи со рок на доспевање од три месеци) со 89,5% учество (151.419.186 денари) што придонесува за висока финансиска стабилност на берзата. Учеството на основните средства изнесува изнесува 0,7% од вкупната актива, а побарувањата се 14.752.854 денари или 8,8% учество (90,5% од побарувањата се побарувања за надомест за тргување за месец Декември 2006 година).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12. 2006 година изнесува **169.334.331 денари.** Вкупните обврски во 2006 година изнесуваат 20.369.361 денари. Од тоа, обврските за даноци се во износ од 12.473.710 денари, обврски кон добавувачи 3.264.943 денари и други обврски во висина од 4.630.707 денари. Македонска берза има непотрошени средства, примена донација за проектот Студенска берза во износ од 58.740 денари. Акционерскиот капитал на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2006 година изнесува 51.652.000 денари. Во резерви се распределени 10.406.711 денари**.** Добивката по оданочување од тековна година изнесува 86.847.519 денари.

**Стапката на поврат на акционерскиот капитал** (нето добивка/капитал) во 2006 година изнесува 58,3%.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Ѕвонко Станковски**

**П Р И Л О Г**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**31.12. 2006 година**

### АКТИВА

**во денари**

| Назив | 2005 | 2006 | Индекс 2006/2005 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1,Парични средства | 2,012,847 | 1,159,567 | **58** |
| 2.Државни записи | 17,702,424 | 62,558,627 | **353** |
| 3.Депозити | 44,400,993 | 87,700,992 | **198** |
| 4.Основни средства | 3,414,697 | 3,162,291 | **93** |
| 5,Побарувања | 10,460,617 | 14,752,854 | **141** |
| **ВКУПНО АКТИВА** | **77,991,578** | **169,334,331** | **217** |

### ПАСИВА

**во денари**

| Назив | 2005 | 2006 | Индекс 2006/2005 |
|---|---|---|---|
| Обврски | 8,866,888 | 20,369,361 | **230** |
| Примена донација за проект Студенска берза | 85,979 | 58,740 | **68** |
| Запишан капитал | 38,239,574 | 51,652,000 | **135** |
| Резерви | 8,641,952 | 10,406,711 | **120** |
| Добивка како ефект на сторно на ревалоризација . | 23,232 | | **0** |
| Добивка од тековна година | 22,133,953 | 86,847,519 | **392** |
| **Пасива** | **77,991,578** | **169,334,331** | **217** |

## ГОДИШНА СМЕТКА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**За период Јануари-Декември 2006 година**

**во денари**

| Расходи | 01-12.2005 | 01-12.2006 | Индекс 2006/2005 | План 2006 | Оств.на План во % |
|---|---|---|---|---|---|
| **I. Трошоци за провизии и извршени услуги од домашни лица** | **13,219,523** | **31,812,679** | **241** | **12,950,000** | **246** |
| 1. Провизии од банки | 179,671 | 162,328 | 90 | 550,000 | 30 |
| 2.Берзанска провизија за КХВ | 13,039,852 | 31,650,351 | 243 | 12,400,000 | 255 |
| **II. Општи и административни трошоци и амортизација** | **31,572,290** | **34,662,491** | **110** | **33,000,000** | **105** |
| 1. Вкалкулирани бруто плати | 10,638,366 | 10,750,942 | 101 | 11,700,000 | 92 |
| 2. Трошоци по основ на колективен договор | 2,377,699 | 1,619,996 | 68 | 1,620,000 | 100 |
| 3. Годишна награда по менаџерски догов. | 1,409,210 | 2,386,364 | 169 | 1,409,000 | 169 |
| 4. Материјални и слични трошоци | 1,357,981 | 1,361,276 | 100 | 1,400,000 | 97 |
| 5. Трошоци за услуги | 7,277,684 | 8,645,207 | 119 | 8,000,000 | 108 |
| 6. Одбор на директори | 2,018,822 | 1,870,586 | 93 | 1,862,000 | 100 |
| 7. Годишна награда на Одбор на директори | 1,448,027 | 2,386,364 | 165 | 1,409,000 | 169 |
| 8. Трошоци за службени патувања | 677,960 | 981,343 | 145 | 800,000 | 123 |
| 9. Трошоци за репрез,реклама и пропаганда | 1,851,054 | 2,736,605 | 148 | 2,750,000 | 100 |
| 10. Други адм.трошоци | 111,601 | 405,132 | 363 | 340,000 | 119 |
| 11. Амортизација | 2,403,886 | 1,518,676 | 63 | 1,710,000 | 89 |
| **III. Други трошоци и вонредни расходи** | **746,130** | **1,009,503** | **135** | **1,050,000** | **96** |
| 1. Негативни курсни разлики | 1,615 | 6,118 | 379 | 2,000 | 306 |
| 2. Други трошоци | 744,515 | 1,003,385 | 135 | 1,048,000 | 96 |
| **IV.Исправка на вредност на побарувања** | **2,244,770** | **1,598,032** | **71** | **400,000** | **400** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **47,782,713** | **69,082,705** | **145** | **47,400,000** | **146** |
| **Приходи** | | | | | |
| 1. Камати по основ на депонирани средства во банки | 2,644,652 | 3,904,025 | 148 | 2,650,000 | 147 |
| 2. Надомест од членарина | 170,000 | 660,000 | 388 | 1,320,000 | 50 |
| 3. Надомест од тргување | 63,659,261 | 158,251,759 | 249 | 62,000,000 | 255 |
| 4. Камата од државни записи | 1,522,063 | 2,081,422 | 137 | 1,550,000 | 134 |
| 5. Приходи од котирање | 5,700,000 | 4,400,000 | 77 | 5,000,000 | 88 |
| 6.Други приходи | 969,540 | 2,767,655 | 285 | 1,650,000 | 168 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **74,665,516** | **172,064,861** | **230** | **74,170,000** | **232** |
| | | | | | |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **26,882,803** | **102,982,156** | **383** | **26,770,000** | **385** |
| **ДАНОК ОД ДОБИВКА** | **4.748.850** | **16.134.637** | | | |
| **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **22.133.953** | **86.847.519** | | | |